Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр.08- 600/1
Дата: 29-01-2026 година
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Советот на Општина Кавадарци врз основа на член 17, 17-а 17-б, 17-в, 17-г 17-д, од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, ... 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19.... 193/25), а врска со Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за појавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Сл.весник на РСМ“ бр.213/24) ,објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
**за појавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член во Управниот одбор на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци бр.01/26**

## 1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВЕН ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е избор на 1 (еден) член во Управниот одбор на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, со седиште на ул„7-ми Септември“ бр.1 во Кавадарци.

Мандатот на членот во Управниот одбор трае до истек на мандатот на Управниот одбор во чиј состав се именува, 14.06.2026 година.

## 2. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Заинтересираните лица кои што ќе се пријават на јавниот повик за избор на член во Управниот одбор на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци треба да ги исполнуват следните услови:

Арх.Бр.08-

Дата:________ година
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
-во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 1 точка 2, членот во Управниот одбор на јавното претпријатија треба да има

- најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење.

## 3.РОК, НАЧИН И МЕСТО НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА СО ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Заинтересираните лица по јавниот повик како доказ за исполнување на бараните услови треба да достават :
- кратка биографија,
-државјанство на Република Северна Македонија,
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
-потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
-потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија,
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Заинтересираните лица по јавниот повик поднесуваат пополнета пријава (на образец - даден во прилог на јавниот повик) со потребната документација и доказите во писмена форма ( во оригинал или копија заверена на нотар) преку Архива на Општина Кавадарци, секој работен ден од 08:00 - 16:00 часот или по пошта со назнака „За јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на заинтересирани лица за избор на 1 (еден) член во Управниот одбор на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци.

[redacted]

Арх.Бр.08-

Дата:_________ година
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Рокот за доставување на пријавата трае 5 (пет) дена почнувајќи од 30.01.2026 година до 03.02.2026 година.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на Општина Кавадарци www.kavadarci.gov.mk и на веб-страната на Јавното претпријатие за вршење на превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ" Кавадарци www.gpk.mk и на огласна табла на Општина Кавадарци.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**